Македонското население кое после 1912 година, останало во пограничните делови на албанската држава било сконцентрирано во:

**Голо Брдо** со 22 села населени со Македонци Врница, Требиште (Горна Мала, Долна Мала, Онаа Мала ) Мало Острени (Малестрени), Големо Острени, Пасинки, Миреши, Владимерица, Ѓиновец, Окштун, Борово, Клење, Којовец, Лешничани, Радоешта, Себишт, Стеблево, Смолник, Тучепи, Оржаново.




**Областа Голо Брдо**

**Полени** помеѓу Маќелара и Пешкупеја има 3 Македонски села Горна Крчиште, Долна Крчиште и Ербеле.



**Македонци во народнија носија Горна Крчиште, Долна Крчиште и Ербеле**

**Горија** (североно - источно од Корча на Албанска и Грчка граница во правец на Костур) 1 село од Егејскот дел на Македонија во Албанија има едно села Врбник, Билишта.



## Македонска народнија носија Врбник

**Мала Преспа** 9 села населени со Македонци Туминец, Горна Горица, Долна Горица, Глобочани, Шулин, Пустец, Леска, Зрноско и Церје.



**Македонска народнија носија Мала Преспа**

**Гора** (северно - источно од Кукс) 9 села Гора (северно – источно од Кукс) 9 села Шиштеец, Орешек, Цернелево, Борје, Оргоста, Запод, Кошаришта, Пакиша, Очикле.



**Македонска народнија носија областа Гора**

Покрај селата Македонците се концентрирани и во поголемите градови во Република Албанија како Тирана нај концентрирани ги има во областа 1 и 2, Корча, Поградец, Билишта, Драч, Елбасан, Либражд, Фиер, Кукс, Валона. Миграците почнале од 1923, 1929, 1939 година нај големи миграции од етничките области е напраено во периодот од 1949 до 1960 година.

Во Тирана првите миграција на Македонците од Голо Брдо, Гора, Река, Струга, Охрид се од Првата светска војна 1915 -1917 година.

**Организирањето на Македонците во Република Албанија**

Македонците во Република Албанија по распаднат на комунизмот во Република Албанија во 1990 година почна да се организира на разни политички и културни друштва. Македонците од обласпа Голо Брдо се организираа во политичкото друштво ‘’Братство’’ со седиште во Тирана. Во март 1993 година се формира политичко друштво ‘’Мир’’ со седиште во Тирана. Во 1992-1993 година се печатеше весникот Мир за финациски причини не се печатит. Во април 2008 година се формира фудбалски клуб Фк Македонија со седиште во Тирана. На 06.02.2009 година во Тирана е формирано Македонско друштво "Илинден"-Тирана со седиште во Тирана. На 15.10.2012 година е формиранао Македонско друштво "Илинден"-Тирана Огранок Голо Брдо со седиште Требиште Голо Брдо.